**ЗАПИСНИК**
**од прво продолжение на 36-та седница на**
**Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 07.11.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев и м-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ (оправдано отсутен), Селвер Ајдини (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Ружица Бошнаковска Јотевска, м-р Ивана Стојановска, Катерина Доневска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски пред да започне седницата, во негово лично име и во име на членовите на Советот, Директорот на Агенцијата и вработените во Стручната служба, изрази сочувство за несреќната смрт на поранешниот претседател на Советот за радиодифузија, г-динот Зоран Стефановски.

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

На седницата се разгледа Предлог-записникот од 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.10.2017 година, кој беше одложен минатиот пат.

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.10.2017 година.

**Точка 1**

Советот го разгледа Предлог-записникот од 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.10.2017 година.

Г-дин Фиданоски имаше правописна забелешка во дел од неговата дискусија, која се наоѓаше на страна 2 од записникот. Предложи, во 12-от ред одозгора последниот збор „примети“ да се замени со зборот „забележи“.

Г-дин Трајчев имаше забелешка во дел од содржината на неговата дискусија, која се наоѓаше на страна 6 од записникот. Во последната реченица од пасусот која гласи „кои ќе укажат дека подносителот согласно Законот има барање“, заради појаснување,

предложи  технички да се коригира во „кои ќе укажат дека подносителот има барање согласно Законот.“

Советот со вградените коментари од г-дин Фиданоски и г-дин Трајчев, едногласно со 5 гласа „за“ го усвои предложениот Записник од 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.10.2017 година, со текст како што беше предложен.

Подготвил/Контролирал:
м-р Ружица Бошнакоска Јотевска

Согласен: м-р Драгица Љубевска

**Бр.** 02-4808/4
13.11. **2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**